**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ЈАВЕН ОГЛАС

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите пријавени кандидати на 3-тата и 4-тата обука за инвестиционо советување дека првиот дел (теоретски дел) и вториот дел (практичен пример) од стручниот испит за инвестиционо советување ќе се одржи во **Испитниот центар** на адреса **ул. Христо Смирненски бр. 30 ламела 1 – Просторија број 2** на следниве датуми: **11.04.2016 година, 18.04.2016 година, 25.04.2016 година** на модул по избор на кандидатот.

## СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

**Модул 1**

9:00-11:00 Регулатива за пазарот на капитал во РМ
11:00-13:00 Квантитативни методи и статистика
13:30-15:30 Економика
15:30-17:30 Анализа на финансиски извештаи

**Модул 2**

9:00-11:00 Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент)
11:00-13:00 Анализа и вреднување на акциите
13:30-15:30 **Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход/втор дел**

**Модул 3**

9:00-11:00 **Финансиски деривативи/втор дел**
11:00-13:00 Анализа на алтернативни инвестиции
13:30-15:30 Портфолио менаџмент
15:30-17:30 Етика, професионални стандарди и односи со клиенти

Рокот за пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот на полагање. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува со пополнување на пријавата која може да се најде на веб страната на Комисијата во делот - Обуки www.sec.gov.mk ) и доставување на истата во архивата на Комисијата или на следнава елетронска адреса ispiti@sec.gov.mk.

Кандидатот е должен половина час пред почетокот на испитот да биде присутен во Испитниот центар и да приложи на увид на овластените лица документи за лична идентификација.

Првиот дел од стручниот испит за инвестиционо советување се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

**Ве известуваме дека прашањата за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување се јавно објавени и истите Ви се достапни на следниот линк http://e-prasanja.mk.**

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**